ПАТРИМОНИУМ.МК, година 16, број 21 / 2023
УДК: 7.046.2/.3:27-526.2/.6
398.44:27-526.2/.6

Христијан ЦВЕТКОВСКИ

# КРАТОВО КАКО КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ВО XV – XVI ВЕК

**Клучни зборови**: *Кратово, културен центар, XV – XVI век*

*Силниот економски подем на Кратово поврзан со интензивната рударска дејност од крајот на XV, па речиси низ целиот XVI и поголем дел од XVII век во голема мера влијаел и врз културните текови и процеси кои се одвивале во градот. Денешната состојба, како и малобројните извори со кои располагаме не дозволуваат во целост да проникнеме подлабоко во културните слоеви на материјалната култура од тоа време, кои Кратово, во тој период од крајот на XV до средината на XVII век, го обележуваат како еден од позначајните културни центри во средишните простори на Балканот.*

Несомнено дека со доаѓањето на Османлиите физиономијата на урбаната структурата на Кратово значително се менува и таа опстојува сè до почетокот на XIX век. На неколкуте стари и документарни фотографии од времето пред Балканските војни се забележуваат само оние препознатливи и амблематични обележја на градот, а тоа се високите кули, неколку минариња на сакрални исламски објекти, како и впечатливите мостови што ги поврзувале деловите на градот. Истражувањата што се изведени на исламските сакрални објекти во Кратово укажаа дека некои од нив се градени на постари темели на христијански средновековни цркви[1]. Денес, во Кратово, од старите сакрални објекти е зачувана единствено црквата „Св. Јован Претеча“, која е обновена во 1836 година. За постарите сакрални објекти дознаваме од историските извори што се зачувани во османлиските пописни дефтери, како и од записите во средновековните ракописи кои се поврзуваат со дејноста на Кратовската книжевна школа.



*Сл. 1. Кратовско Четвороевангелие, македонска кратовска школа, средина на 14-ти век*

Одредени фрагментарни вести и извори од времето на средниот век, посебно од XIV век, укажуваат на многу блиски и непосредни духовни врски на Кратово со манастирот Лесново. Во тој период манастирот Лесново доживува духовен и црковен подем, што најмногу се отсликува низ книжевната дејност во манастирот, која подоцна прераснува во Лесновската книжевна школа. Како сведоштво за овој процес говори и еден пергаментен миниј од XIV век, кој потекнувал од Лесновскиот манастир и до времето на Првата светска војна ѝ припаѓал на црквата „Св. Јован“ во Кра-

[1] Г. Суботић, *Најстарије представе светог Георгија Кратовца*, ЗРВИ 32 (1993), 198, заб. 116.



*Сл. 2. Црквата Св. Јован Претеча во Кратово*

тово, во кој е зачуван и записот за црковно одбележување со службата за денот на кратовскиот новомаченик Св. Ѓорѓи Нови[2]. Во старата збирка на Белградската народна библиотека (бр. 350) се чувало и едно четвороевангелие од XIV–XV век, кое според еден подоцнежен запис од втората половина на XVI век му припаѓало на кратовскиот кнез Андрија Бојчиќ (Си тетроевангел приложи кнез Кратовски Андрѣю)[3].

За разгранетата книжевна дејност во времето на XIV век говори и пергаментното евангелие од македонска јазична редакција, кое денес се чува во Националната универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" во Скопје[4], ракописниот Осмогласник од XIV – XV век по потекло од кратовското село Шлегово, како и еден друг Осмогласник од времето на XV век во Архивот на Македонската академија на науките и уметностите[5]. Еден интересен запис од 1619 година врз страниците од еден ракописен апостол од XIV век говори дека кратовскиот епископ Макариј го поседувал овој пергаментен апостол и истата година му го продал на пеќскиот патријарх Пајсиј, така што ракописот на крајот завршил во ракописната збирка на Белградската народна библиотека[6].

Свој придонес во овој културен подем на Кратово имале и личности од кратовското општество, духовници, свештеници, занаетчии, книжевници скриптори и илуминатори, но и богатите трговци и рударски магнати кои материјално и финансиски ги поддржувале и овозможувале овие дејности. Меѓу нив, секако, посебно значење имал Радоња, кој во првата половина на XV век активно твори во Кратово и во кругот на Лесновската книжевна школа. Овој книжевник во 1429 година препишал празничен минеј за февруари – август, ракопис со 183 хартиени листа пишувани со полууставно безјусово писмо и кои содржат избрани црковни служби за Господовите и Богородичните празници, како и за празниците на позначајните христијански светители што се слават во летната половина на црковната година[7].

За вистински втемелувач на Кратовската книжевна школа се смета дијакот Димитар, кој активно твори во втората и третата четвртина на XV век. Тој е автор на преписот на Номоканоникот, Синтагмата на Матија Властар со чиј препис завршува во 1466 година. Она што е интересно

---

[2] Ѓ. Поп-Атанасов, *За Кратово и за неговото книжевно наследство*, Археографски прилози, Скопје, 2011, 67.

[3] Ѓ. Поп-Атанасов, *op. cit.,* 67-68.

[4] В. Мошин, *Словенски ракописи во Македонија*, Скопје 1971, 35; Ѓ. Поп-Атанасов, *op. cit.*, 68.

[5] В. Мошин, *op. cit.*, 94-95; М. Георгиевски, *Словенски ракописи во Македонија,* кн. 3, Скопје 1988, бр. 26; Ѓ. Поп-Атанасов, *op. cit.*, 69-70.

[6] *Ibidem*, 70.

[7] Ѓ. Поп-Атанасов, И. Велев и М. Јакимовска-Тошиќ, *Скрипториски центри во средновековна Македонија,* Скопје 1997, 164; Ѓ. Поп-Атанасов, *За Кратово и за неговото*, 58-59.



*Сл. 2. Црквата Св. Микола во Кратово*

во преписот на овој значаен ракопис, најважниот правен кодекс од доцновизантискиот период, составен од Матија Властар во 1335 година, е поговорот или Послесловието каде што Димитар дава повеќе биографски податоци за себе и за своето семејство, но, исто така, и за војните и за црковните состојби за времето во кое живеел, проследени со еден учен теолошко-морализаторски трактат[8]. Овој важен ракопис бил нарачан од охридскиот архиепископ Доротеј, кој во првата половина на 1466 година, при својата архијерејска визитација, обиколувајќи ги градовите во североисточниот дел од диецезата, го посетил и Кратово, каде што се сретнал со првенците меѓу болјарите, свештениците и монасите, а одржал и беседа за утврдување на христијанската вера и нејзината силина во тие тешки времиња. Архиепископот Доротеј имал средба и со дијакот Димитар, од кого, како што веќе рековме, го нарачал преписот на Номоканонот. Во духот на средновековната традиција, архиепископот Доротеј прифатил, по завршената работа, да ги спомнува Димитар, неговата фамилија и неговите предци за време на неделните литургии[9]. Интересно е да се одбележи дека овој ракопис по завршување на преписот од дијак Димитар имал интересна историја, бидејќи по враќањето од архијерејската визитација по диецезата, архиепископот Доротеј, според сѐ уште неразјаснети околности и по наредба на султанот Мехмед II, заедно со шеесетина охридски првенци, болјари, бил протеран од Охрид на заточение во Цариград[10]. Преписот на Номоканонот останал во Кратово, а потоа одреден период со него се служел и познатиот книжевник и скриптор Владислав Граматик, кој во тоа време пишувал Панегирик за Димитриј Кантакузин и во записот кон преписот презел одредени делови од

[8] И. Велев, *Македонската книжевност IX–XVIII век*, Битола 2008, 282. Дијак Димитар наведува дека бил роден во Кратово, од татко Ѓорго и мајка Дана, имал жена по име Љубислава и три деца Калина, Стојан и Јован. Во овој запис тој го споменува и неговиот учител Нифон.

[9] Љ. Стојановић, *Стари српски записи и натписи*, кн. 1, Београд 1902, док. 328, 99-100; И. Снегаров, *История на Охридската Архиепископия-Патриаршия, т. 2,* От падането *и* подъ Турцитѣ до нейното унищожение *(1394-1767)*, София 1932, 256.

[10] Архиепископот Доротеј е заробен во 1466 година по уште една воена кампања на Мехмед II против Скендербег, проследена со неуспешна опсада на Кроја и градење на тврдината Елбасан во долината на р. Шкумба, врз остатоците на античкиот илирски град Валми. На враќање кон Цариград, Мехмед II ја освоил тврдината Кидна која се наоѓала близу реката Дрим, на патот меѓу градот Елбасан и Дебар и потоа заробил околу 2.000 луѓе (cf. М. Беслими, *Борбите на Скендербег со Османлиите, со посебен осврт на Македонија*, Институт за национална историја, Скопје 2011, 160-161; И. Снегаров, *op. cit.*, т. 2, 15-16, 183-184; А. Матковски, *Отпорот во Македонија во времето на турското владеење*, т. IV, Буни и востанија, Скопје 1983, 93).



*Сл. 3. Поглед кон Саат-кулата во Кратово*

поговорот од дијакот Димитар и неговиот препис на Номоканоникот[11].

Кон крајот на XV и почетокот на XVI век во Кратово работи и книжевникот Ѓуро, кој според името може да се претпостави дека бил световно лице. Од неговото книжевно дело засега е идентификуван само еден Панегирик во библиотеката на Зографскиот манастир на Света Гора Атонска. За потеклото на книжевникот Ѓуро дознаваме од неговиот автограф зачуван на листот 307а, кој говори дека оваа божествена книга Панегирик е испишана од раката на Ѓуро од градот Кратово[12].

Вистински процут на Кратовската книжевна школа настапува по првата четвртина на XVI век и е поврзана со дејноста на познатиот протопоп Јован од Кратово и неговите следбеници и ученици, попот Лазар и попот Петар. Протопоп Јован, покрај слепченскиот книжевник Висарион, несомнено е еден од најистакнатите македонски книжевници од XVI век. Тој бил вешт пишувач калиграф и илуминатор, чии дела се зачувани во периодот меѓу 1526 и 1583 година[13]. Неговото умеење, вештината во испишување на текстовите и својствената калиграфија, како и толку особената илуминација, синтеза на стилови својствени за уметноста на поствизантискиот период е облагородена со користење мотиви блиски до современата османлиска илуминација. Во тоа е и особениот ликовно-стилски израз на Јован, така

[11] И. Велев, *Македонската книжевност*, 282; Ѓ. Поп-Атанасов, *За Кратово*, 59. Номоканоникот што го нарачал архиепископот Доротеј ќе пристигне во Охрид за време на архиепископот Марко Ксилокаравис и ќе биде во употреба наредните векови. Рускиот славист Виктор Григорович, кон средината на XIX век, ги откинува од овој ракопис последните десетина листа, меѓу кои и поговорот на дијакот Димитар Кратовски и исклучително важните преписи од двете писма на молдавскиот војвода Стефан Велики до охридскиот архиепископ Доротеј, како и неговиот одговор.

[12] Ѓ. Поп-Атансов, *За Кратово*, 65-66. Авторот многу детално говори за структурата на ракописот и неговите делови, укажувајќи, притоа, дека ракописот се состои од два дела, постариот Словото на Преображение на Ефрем Сирин е од средината на XIV век и е пишуван во редакција на јусов довен правопис, додека другиот поголем дел од ракописот, каде што е и делот на книжевникот Ѓуро е пишуван со еден недоследен ресавски ракопис. Инаку, содржински ракописот е навистина богат, со преводи на литературни дела од византиската и македонската средновековна книжевност, во којшто влегуваат Житието на Св. Петка од трновскиот патријарх Ефтимиј со додаток од Григориј Цамблак, Пофалното слово на Лазар од Св. Климент, како и Словото за Св. Ѓорѓи Победоносец, исто така, од Григориј Цамблак.

[13] С. Радојчић, *Мајстори старог српског сликарства,* Посебна издања САН, књ. CCXXXVI, Београд 1955, 65.



*Сл. 4. Поглед кон Музејотот во Кратово*

што неговите единаесет зачувани дела, пред сè, четвороевангелијата, чинат единствена целина во поствизантиската илуминација и ракописна книга од времето на османлискиот период[14].

Според некои истражувачи, неговото најрано дело датира од 1526 година, а последното од 1583 година, завршено во Крајова, Романија, по порачка на влашкиот војвода Јован Михнеа/Михња[15]. Големата репутација на овој книжевник и илуминатор придонесувала за широк круг на нарачки што пристигнувале од Софија, Романија, но и од моќните кратовски кнезови, несомнено едни од најголемите поддржувачи и донатори на Јован.

Во поново време преовладува мислењето дека и познатиот препис на рударскиот закон, првично составен за српскиот деспот Стефан Лазаревиќ во 1412 година, за потребите на големиот рударски центар Ново Брдо е составен од Јован околу 1580 година, односно пред неговото заминување во Крајова[16]. На ова најмногу сугерираат визуелниот формат на книгата, опремата и сликаниот украс во овој значаен споменик на рударското право. Од друга страна, овој препис на законикот го симболизира врвот и зенитот на една епоха, обележана со интензивната експлоатација на руда во Кратово и Кратовско, што се потврдува и со големите материјални приходи кои помеѓу 1570 – 1580 година се остварувале во Кратово.

Дејноста на протопопот Јован ја продолжуваат и неговите ученици поп Лазар и поп Петар, но и двајцата со поскромни вештини, само во некои сегменти успеваат да го достигнат нивото на делата на Јован. Досега најстариот евидентиран ракопис на поп Лазар е Зборникот што тој го пишува во Кратово во 1564 година, по нарачка на софискиот книжевник Матеј Граматик, каде што Лазар извршил преписи на житието и службата за Св. Никола Нови, апостолот Андроник и други преписи на хагиографски, химнографски и ораторско-прозни текстови пишувани од друга рака[17]. Во 1571 година го пишува Служебниот минеј, а наредната 1572 година и Стиховниот пролог. Во тоа време, овој книжевен деец го напушта Крато-

---

[14] S. Radojčić, *Stare srpske minijature*, Beograd 1950, 16.

[15] Големата временска дистанца помеѓу условно најраното дело на протопоп Јован Требникот од 1526 год. и следното негово дело Четвороевангелието од Зографскиот манастир од 1558 год., кај некои истражувачи отвори сомнеж дека почетоците на Јован датираат во времето од средината на третата деценија на XVI век (cf. М. Харисијадис, *Најс̄̄тарији рукоӣис исӣисан у Крат̄ову у ӣрвој ӣоловини XVI века*, ЗЛУ 27-28 (1991-1992), 213-217; З. Ракић, *Срӣска минијат̄ура XVI и XVII века*, Београд 2012, 122–128).

[16] З. Ракић, *op. cit.*, 123 и 127-128.

[17] Ѓ. Поп-Атанасов, И. Велев, М. Јакимовска-Тошиќ, *Скриӣ̄ориски цен̄ӣр*, 123.

во и се преселува во Лесновскиот скит „Успение на Богородица“ во манастирот Пирг, по долината на реката Злетовштица[18]. Од вториот соработник и ученик на протопопот Јован, попот Петар, засега е познато само едно зачувано четвороевангелие пишувано по заминувањето за Софија, во с. Пролеша, во 1578 година.

Оваа интензивна скрипторска дејност во Кратово се одвива под закрила на црквата и богатите и заможни кратовски кнезови и семејства, кои со своите порачки, донации и прилози го одржувале овој континуитет речиси низ целиот XVI век. Но, она што се забележува и во сакралната топографија на Кратово и во историските извори е малубројноста на податоците во однос на познавањето на тогашниот црковен живот во Кратово и Кратовско во чии рамки влегувала и веќе споменатата книжевна дејност. Во историските извори единствена пишана трага останала за манастирот „Св. Богородица“ и една монашка ќелија посветена на Воведението на Богородица. Манастирот „Св. Богородица“ се споменува во описот на даночните обврзници од 1519 година, но со забелешка дека тој е ослободен од давачки, а во тој период во манастирот живееле шеснаесет монаси[19]. Инаку, ќелијата Рождество на Пресвета Богородица нам ни е позната по еден запис во ракописен Октоих, кој во 1595 година митрополитот Аксентиј му го подарува на јеромонахот Макариј, кој живеел во оваа ќелија[20].

Во еден празничен минеј од 1429 година, веќе споменатиот скриптор и книжевник Радоња забележува дека овој ракопис го пишувал во кратовската црква „Св. Архангел Михаил“[21]. Г. Суботиќ, во својата студија за култот и сликаните портретите на св. Ѓорѓи Кратовски, ја спомнува црквата



*Сл. 5. Царските двери од црквата Св. Никола во Кратово*

„Св. Архангел Михаил“ и додава дека во Кратово во текот на XVI и XVII век постоела католичка црква на Богородица, како и црква на св. Никола Чудотворец[22].

Од друга страна, забележливо е дека во Пописниот дефтер за Ќустендилскиот санџак, за нахијата Кратово, запишани се голем број попови и свештеници, а и поголем дел од градските маала во Кратово ги носеле имињата на овие свештеници.

[18] Д. Тодоровић, *Лесновска испосница свете Богородице*, Зограф 8 (1977), 59-62; Ѓ. Поп-Атанасов и др., *Скрипториски центри*, 123-125; И. Велев, *Македонска книжевност*, 325–326; М. Георгиевски, *Прилози од старата*, (кн. 2), 100.

[19] M. Kiel, *Art and Society of Bulgaria in the Turkish Period*, A sketch of the Economic, Juridical and Artistic Preconditions of Bulgarian Post-Byzantine Art and its Place in the Development of the Art of the Christian Balkans, 1360/70 – 1700, Assen/Maastrich 1985, 122-125; К. Минчева, *Манастири и манастирска мрежа в Кюстендилския санджак през XV – XVII век*, София 2010, 115.

[20] К. Минчева, *op. cit.*, 115 и 212, заб. 299.

[21] Интересно е што овој празничен минеј книжевникот Радоња го напишал во времето на благоверниот господин деспот Ѓураѓ Бранковиќ (cf. Ѓ. Поп-Атанасов, *За Кратово*, 63; (= *Кратово и неговото книжевно наследство*, во: Епохата на Св. Климент Охридски II, кн. 27, МАНУ, Скопје 2016, 1106).

[22] Г. Суботић, *Најстарије претставе*, 198, заб. 116. Е. Каранов, *Материали по Етнографията на нѣкои мѣстности въ Сѣверна Македония, които сѫ смежни съ България и Сърбия*, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, кн. IV, София 1891, 280-319 споменува кратовска црква Св. Јован Крстител. Оттука потекнува еден мошне значаен пергаментен минеј кој се чувал во старата збирка на белградската Народна библиотека, кој на лист 257б содржел служба за Георги Кратовец, што укажува дека црквата, најверојатно, потекнувала од XIV век (cf. Ѓ. Поп-Атанасов, *За Кратово...*, 67 (= Ѓ. Поп-Атанасов, *Кратово и неговото книжевно*, 1108).



*Сл. 6. Старградска архитектура во Кратово*

Ова несомнено укажува дека во Кратово морало да има повеќе сакрални црковни објекти, при кои сослужувал овој, навистина броен свештенички сталеж[23].

Интензивната рударска дејност и големата продукција на метали, особено среброто и бакарот, како и златото во помала количина, во периодот на XVI век, придонело за голем замав и подем на занаетите, особено оние што се однесувале на уметничка обработка на металите. Пописните дефтери укажуваат дека во тоа време во Кратово бил развиен и златарскиот занает, дури постоело едно маало на златари, а во нашата културна традиција и историја добро е познат и култот на св. Ѓорѓи Нови Кратовски, кој уште од млади години се прочул како добар мајстор со голема умешност во златарството[24]. Оваа традиција на уметнички обработка на металите, посебно на црковни предмети, се бележи дури до почетокот на XIX век, од кога датира еден многу интересен запис, врежан на еден литургиски крст, кој за манастирот Дечани во 1809 година го изработил мајстор Јовче од Кратово[25].

Денес, во Кратово, од старите сакрални објекти единствено е зачувана црквата „Св. Јован Претеча", која во 1836 година е обновена, но речиси ништо не е останато од богатиот црковен книжевен фонд на ракописи и старопечатени книги, за кој сведочат учените патописци и слависти од крајот на XIX век. Кога говориме за црковните и културните движења во Кратово во текот на XVI век, свој особен печат дава и животот на новомаченикот Св. Ѓорѓи Кратовски, кој во 1515 г. мачечнички ќе пострада во Софија. Неговиот култ за кратко време ќе се прошири меѓу православните христијани на Балканот, а неговите сликани портрети ги наоѓаме во црквите на Охридската архи-

23 *Турски документи за историјата на македонскиот народ*, т.V, кн. 2, гл. ред. Методија Соколоски, Скопје 1980, 21-67 (натаму ТДИМН); Споменатиот Е. Каранов, *op. cit.*, 303-305 во својот етнографски приказ на Кратово дава многу интересни записи за десетина и повеќе цркви, скитови, монашки ќелии каде што живееле голем број монаси, кои се протегале меѓу Кратово и Лесново. Некои од овие монашки ќелии подоцна се идентификувани, но поголемиот број од нив сѐ уште остануваат енигматични. Подоцна истиот овој податок го презема и Г. Трайчевъ, *Манастиритѣ въ Македония*, София 1933, 93–94.

24 Д. Богдановић, *Житие Георгија Кратовца*, Стара српска књижевност, САНУ, Београд 1976, 203-265; Истиот, *Житије Ђорђа Кратовца од попа Пеје*, Летопис МС, Нови Сад 1978, 260-282.

25 М. Шакота, *Дечанска ризница*, Београд 1984, 178-179, 184, 205, 245.



*Сл. 6. Црквата Св. Ѓорѓи Кратовски во Кратово*

епископија и обновената Пеќска патријаршија во периодот на XVI и XVII век[26].

Истражувачите кои пројавиле интерес за уметничката обработка на дрвото, посебно интарзијата, укажуваат дека Кратово во тој период на XVI и XVII век веројатно имал свои сопствени работилници што ја познавале во оваа техника и чии дела од црковниот мебел, архијерејски престоли, певници и аналони, наоѓаме во блискиот Лесновски манастир, како и во црквите во Паланечко и Кумановско[27].

Културниот подем и културните процеси во Кратово имале свој одраз и на уметничкото создавање во околните предели на Кратовско. Од периодот XV – XVI век датира малата еднокорабна црква „Св. Архангели“ во близина на селото Коњух и ранохристијанската ротонда[28]. Во соседното село Шопско Рударе се гради и живописува црквата „Св. Никола“, а од црквата во Шлегово потекнуваат и неколку икони и царски двери, исто така, од овој период[29].

Сите овие наведени примери укажуваат на еден динамичен и творечки продуктивен период кој на најдобар начин го отсликуваат културниот амбиент на Кратово во периодот на XVI и XVII век.

[26] Д. Богдановић, *loc. cit.*; Г. Суботић, *op. cit.*, 168-189; Ц. Грозданов, Мачениците од XV – *XIX во живописот во Македонија*, Уметноста и култура на XIX век во Западна Македонија, Студии и прилози, Скопје 2004, 182-292; Б. Николовски, Светиновомаченик Ѓорѓи Кратовски, Фрески и икони XVI – XXI век, Кратово 2011, 63-93.

[27] В. Хан, *Интарзијана подручју Пећке патријаршије XVI – XVIII в.*, Нови Сад 1966, 44-48, 83, 114.

[28] С. Радојчиќ, *Црква у Коњуху*, ЗРВИ књ. 1, Београд 1952, 148-150.

[29] Ibid.,150; М.М. Машниќ, *Три примероци на Царски двери од Кратовско-кумановскиот крај* (уметничка вредност, конзерваторска презентација, постконзерваторски статус), Патримониум.мк, 3-4 (2007-2008), Скопје 2009, 155-156, сл. 1-7; eadem, *Црквата Св. Никола во Шопско Рударе* (идентификацијата на сликаната програма и нови сознанија), Културно наследство 30-31 (2004-2005), Скопје 2004, 58-60; Д. Николовски, *Иконите од црквата Св. Троица од селото Можедивњак*, Крива Паланка, Патримониум.мк, 12, Скопје 2014, 200-203.

Hristijan CVETKOVSKI

## KRATOVO AS A CULTURAL CENTER XV-XVI CENTURY

*Summary*

In this paper (article), we explore the development of Kratovo as a cultural center in Macedonia in the XV$^{th}$ and the XVI$^{th}$ century. Throughout the decades under Ottoman rule, Kratovo has been one of the leading cultural and spiritual centers in Macedonia. The close geographical distance from the monastery of Lesnovo influenced the city of Kratovo in the domain of its ecclesiastical and cultural flows. In the two centuries that are the prime focus of our paper, Kratovo had numerous writers who stand out with their talent and ability to protect, preserve and continue the sanctity of the written word. Among them is Dijak Dimitar from Kratovo who is the founder of the so-called Kratovo Literary School in the first half of the XV$^{th}$ century. Also, we have to mention proto priest Jovan from Kratovo, who is the most productive and influential writer of ecclesiastical pieces in the XVI$^{th}$ century.